Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2021-2024 ЗА ПЕРИОД 01 ЈАНУАРИ – 30 ЈУНИ 2023 ГОДИНА

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година.

Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

Четвртиот Извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.01 - 30.06.2023 година.

Откако ќе се спроведе Планот за интегритет 2021-2024, во 2025 година ќе се изврши целосна анализа на напредокот постигнат со спроведувањето на Планот.

Одговорно тело за следење на имплементацијата е Работната група за градење интегритет во Министерството за одбрана.

За периодот 01.01 - 30.06.2023 година, согласно Планот за интегритет 2021-2024 и Планот на активности за 2023 година, беа планирани тринаесет активности или поделено по области: Човечки ресурси – пет активности, Меѓународни мисии и операции – една активност, Јавни набавки – пет активности, Управување со движни и недвижни предмети – една активност и Внатрешна контрола – една активност. Истите се спроведуваат со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.

Сите планирани активности за првото шестмесечие се започнати и се имплементираат согласно утврдените методологии за реализација на истите.

Координатор на Работна група за градење интегритет
Владимир Анчев

## X. Област I: - Управување со човечки ресурси

**Репер:** - Подобрена ефикасност на системот за управување со човечки ресурси

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Градење на капацитети на Секторот за човечки ресурси во спроведувањето на „Анализа на работните места“ | Врз основа на методологијата на CIDS, анализата на работните места е спроведена од обучени лица од СЧР и направен е преглед на описите на работните места во МО, како и предлози за унапредување на истите. | Да | Зголемена свест и вештини кај раководниот кадар и персоналот за потребата дополнително да се промовира и заштити интегритетот преку сеопфатен преглед на описот на работните места | / | Активност 2.1 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS, согласно утврдената Методологија и истата ќе се финализира до крајот на 2023 година |
| 2. Дизајнирање и подготовка на Компендиум кој ги вклучува наставните планови и презентациите од обуките за управување со човечки ресурси. | Подготвен е Компендум со наставните планови и презентации од обуките за градење интегиртет во областа на управување со човечки ресурси | Да | Поширока достапност на информации и материјали наменети за персоналот вклучен во управувањето човечки ресурси за значењето на интегритетот и професионалноста во УЧР и нивната употреба во редовните обуки и секојдневната работа | / | Активност 2.2 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS, согласно утврдената Методологија. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Преглед на постојниот систем за оценување на цивилниот персонал | Реализирани работни состаноци на кои е направен преглед на постојниот систем за оценување на административните службеници согласно Законот за АС, размена на искуства и идеи | Да | Зголемена свест кај раководниот кадар и персоналот за потребата од понатамошно промовирање на интегритетот, професионализмот и мерит – системот во оценувањето | / | Активност 10 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 2.3 од Планот на активности за 2023 година)<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |
| 4. Преглед на влијанието на судската практика (судски одлуки) врз правилата и процесите за управување со човечки ресурси во МО и Армијата | Направен преглед на влијанието на судската практика (судски одлуки) врз правилата и процесите за управување со човечки ресурси во рамки на одбранбениот сектор и идентификувани се научени лекции кои треба да се применат | Да | Зголемена свест кај раководниот кадар и персоналот за потребата од понатамошно промовирање и заштита на интегритетот, професионализмот, родовата еднаквост и пристапот заснован на заслуги во клучните области за управување со човечки ресурси, земајќи предвид поголем интегритет, помала корупција како и зголемена надлежност на судската практика (судските одлуки) | / | Активност 12 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 2.4 од Планот на активности за 2023 година)<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS. Финалниот извештај ќе биде изработен согласно усвоената Методологија за работа. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Воведување на концептот на “Градење интегритет“ во предметите на Воената академија | Воведен концептот за градење интегритет во рамките на предметите на Воена академија | Да | Зголемена свест кај питомците и идните воени офицери за потребата од понатамошно промовирање и заштита на интегритетот во военото образование | / | Активност 4 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 2.5 од Планот на активности за 2023 година)<br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка - CIDS |

**Област III: - Меѓународни мисии и операции**

**Репер:** - Подобрени заштитни мерки за спречување корупција во меѓународни мисии и операции

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. Изработка на модул и воведување на редовна предупатна обука за борба против корупција | Воспоставена редовна предупатна обука | Да | Зголемена свест и вештини за градење интегритет, препознавање и справување со корупција на персоналот кој се упатува на мисии и операции | / | Активност 18 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br>Обуките се реализираат како дел од предупатните обуки за персоналот кој се упатува во мисии надвор од државата и истите се реализираат од НАТО сертифицирани обучувачи од МО и Армијата од областа на градење интегритет |

**Област: IV - Јавни Набавки**

**Репер:** - Подобрена организациска структура и институционален капацитет за да се обезбеди интегритет и транспарентност во јавните набавки

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. Обука за интегритет во јавни и одбрански набавки | Реализирана обука за интегритет во јавни и одбрански набавки | Да<br><br>Реализирана обука во период 31.01 - 01.02.2023 година | Зголемени вештини и подобрена практична примена на знаењето за интегритет од страна на раководниот кадар и персоналот вклучен во јавните набавки | 18 | Активност 3.2 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 9. Обука за годишно планирање и интегритет на набавките | Реализирана обука за годишно планирање на јавни набавки | Да<br><br>Реализирана обука во период 14 -15.02.2023 година | Зголемени вештини и подобрена практична примена на знаењето во делот на планирање на набавките од страна на раководниот кадар и персоналот вклучен во планирањето | 15 | Активност 3.3 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 9. Обука за спроведување на истражување на пазарот и пазарни консултации во процесите на јавни и одбранбени набавки | Реализирана обука за истражување на пазарот и пазарни консултации во процесите на јавни и одбранбени набавки | Да<br><br>Реализирана обука во периодот 25-26.04.2023 година | Подобрени вештини на персоналот за спроведување на „истражување на пазарот“ во процесите на јавни набавки и зголемено портфолио на обуки | 21 | Активност 3.4 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | наменети за вработените во МО и Армијата | | |
| 10. Управување со договори во јавните и одбранбените набавки | | Да<br>Реализирана обука во периодот 09-10 мај 2023 година | Подобрени вештини на персоналот за управување со договори во јавните и одбранбените набавки, зголемено портфолиото на обуки на МО и унапредување на севкупните процеси на јавните набавки | 19 | Активност 3.6 од Планот на активности за 2023 година<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 11. Преглед на начинот како принципот на интегритет влијае на постапките на јавни набавки | Изработени извештаи, реализирани обуки и експертски состаноци за начинот како принципот на интегритет влијае на постапките на јавни набавки | Да | Континуирано следење на процесите и последувателните промени | / | Активност 26 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br>Преку реализираните обуки и извештаите, како и во рамки на експертските состаноци помеѓу претставници на CIDS и претставници на МО и Армијата, континуирано се следат процесите поврзани со јавните набавки и промените кои настануваат |

**Област: V - Управување со движни и недвижни предмети**

| **Репер:** - Зголемена транспарентност при отуѓување на средствата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 12. Преглед на минатите практики на отуѓување на средства и обезбедување на анализа, научени лекции и препораки | Изработен преглед на минатите практики на отуѓување на средствата | Да | Сеопфатна анализа, научени лекции и препораки за унапредување на целокупниот процес на отуѓување на средства | / | Активност 29 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br>Во првите шест месеци започнати се активностите за реализација на задачата што ќе резултира со финален преглед до крајот на 2023 година |

**Област: VI - Внатрешна контрола**

| **Репер:** - Зголемена улога на внатрешната ревизија и на инспекторатот во градењето интегритет | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 13. Изработка на мапа и опис на работните процеси во рамките на МО | Изработена мапа и опис на работните процеси во одбранбениот сектор | Да | Унапредени работните процеси во одбранбениот сектор имајќи ги предвид потребите од промовирање и заштита на интегритетот и професионализмот | / | Активност 35 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (активност 2.6 од Планот на активности за 2023 година)<br>Реализацијата на задачата е започната во предвидената |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | временска рамка. Со експертите од CIDS се изработува Методологија за работа со кој се дефинирани сите чекори за реализација на истата |